РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 97-та седница одржана на ден 27.12.2023 година донесе

## *Одлука*

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ----------------, градоначалник на општина -----------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-3293/1 од 06.09.2021 година.

Предметот со број 08-3293/1 од 06.09.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-3293/1 од 06.09.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, од министерството за внатрешни работи побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на министерството беа доставени бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на --------------------------- и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи и обезбеди податоци од Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, од прибавените податоци од наведените институции како и податоците од анкетниот лист поднесен од страна на именуваниот, констатира дека во анкетниот лист нема пријавено правните лица -------------------------------- и ----------------------- кои ги поседува ---------------------------- како и ---------------------------- во сопственост на ------------------------ и ----------------------------.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
***Софка Пејовска Дојчиновска***